**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

# НА МОНОГРАФИЈАТА „ЕКОНОМСКА ИМПАКТ АНАЛИЗА НА ИНДУСТРИЈАТА ЗА ОСНОВНИ МЕТАЛИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД ДОЦ. Д-Р ДАРКО ЛАЗАРОВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП И ДОЦ. Д-Р МИТКО КОЧОВСКИ, УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ - СКОПЈЕ И АД МАКСТИЛ – СКОПЈЕ

Врз основа на нормативните акти што ја регулираат издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, со Одлука бр. 1202-120/7, донесена на 122. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 21.6.2015 год., определени сме за членови на комисија за подготовка на рецензентски извештај на доставената монографија со наслов **„Економска импакт анализа на индустријата за основни метали во Република Македонија“** од доц. д-р Дарко Лазаров и доц. д-р Митко Кочовски, наменета за студенти, истражувачи, аналитичари и лица кои се занимаваат со економските аспекти и специфичности на индустријата за основни метали.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Економски факултет во Штип го поднесувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Монографијата со наслов „Економска импакт анализа на индустријата за основни метали во Република Македонија” од доц. д-р Дарко Лазаров и доц. д-р Митко Кочовски е труд од обласа на економската наука - подрачје на микроекономија и индустриска економија. Монографијата е наменета за студенти на прв и на втор циклус студии кои сакаат да ја проучат инпут-аутпут методологијата и нејзината примена за евалуирање на важноста и економскиот импакт на одредена индустрија или сектор во рамките на националната економија, за креаторите на економските и индустриските политики во Република Македонија, и за луѓето од бизнисот во инустријата за основни метали во Република Македонија.

Ракописот наменет за **монографија** содржи 163 страници (со формат А4, нормален проред и фонт со големина 12), систематизирани во четири делови, заклучни согледувања, библиографија и прилози. Трудот содржи голем број математички формули и равенки, графички и табеларни прикази. Трудот е систематизиран во вовед, четири посебни делови, заклучни согледувања и библиографија. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат научноистражувачките критериуми за овој тип на економска и индустриска проблематика со значителна апликативна димензија.

Авторите на трудот се обидуваат детално да ги проучат економските перформанси на индустријата за основни метали преку истражување на економскиот импакт на оваа индустрија во македонската економија. Аналитичката рамка и емпириските верификации го сместуваат трудот во ретките истражувања во областа на индустриската економија публикувани во земјата. Од оваа причина сметаме дека материјалот обработен во монографијата се одликува со теоретска, стручна и методолошка релевантност за студентите и апликативна димензија за креаторите на економски политики во Република Македонија.

**Краток опис на содржината на ракописот**

Трудот содржински е систематизиран во четири дела.

***Првиот дел*** се состои од воведни напомени каде што се презентирани главната идеја, задачите и целите на студијата, објаснета е суштината и карактеристиките на економската импакт анализа, дефинирана е индустријата за основни метали т.е. компаниите кои се

вклучени во студијата и дефинирана е методологијата која се користи во емпириското истражување.

***Вториот дел*** детално го елаборира методолошкиот пристап користен во изработката на студијата. Во овој сегмент е објаснет инпут–аутпут моделот, неговите основни претпоставки, софтверските пакети кои се користат за примена на овој модел и искуствата од примена на овој модел во различни индустрии во развиените земји. Она што е најважно, овој модел е приспособен на нашето истражување преку елиминирање на дел од претпоставките со вклучување на специфичностите на индустријата за основни метали и нивните „backward" врски, утврдување на локалната компонента на интермедијарите ангажирани во процесот на производство, анкетирање на дел од веригата на добавувачи на компаниите, со цел што е можно поголема прецизност и валидност на добиените резултати.

Во ***третиот дел*** од студијата се приложени одредени историски факти за производството на основните метали и нивната поврзаност со развојот на човековата цивилизација. Претставена е, исто така, и примарната преработка на металите со сите нејзини специфичности како индустриска дејност и е направен осврт на појавата и развојот на челичната индустрија во Република Македонија, нејзините специфики, корените на структурните диспропорции и специфичните развојни проблеми, со посебна задршка на нејзините актуелни состојби.

Вообичаено за ваков тип на студии е даден малку подетален приказ на дејностите производство на челик и неговата примарна преработка, производството на феролегури, леарската дејност, производство на челични производи и производство на обоени метали, односно на катоден бакар како дејност од понов датум со профилот на носечките субјекти опфатени со истражувањето. Во профилот на компаниите авторите на студијата детално ги презентираат капацитетните големини на компаниите, производниот асортиман, пазарната насоченост и се разбира организационо-правниот и сопственичкиот модалитет и податоците за нивниот историски развој.

***Клучниот дел*** од студијата се однесува на практична примена на економска импакт анализа на индустријата за основни метали, со цел да се проценат директните и мултипликативните ефекти што оваа индустрија ги генерира за македонската економија. *Мерењето на директните ефекти* и придонесот на компаниите во рамките на индустријата за основни метали се претставени преку вкупниот аутпут, бруто додадената вредност, учеството во извозот, бројот на вработени и факторскиот доход на трудот, корпоративно-општествената одговорност на компаниите. Многу поважно, авторите во овој сегмент ги естимираат *мултипликативните ефекти* што оваа индустрија ги генерира во економијата преку поттикнување на БДП, извозот, вработеноста и слично.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го искажуваме следново

**МИСЛЕЊЕ**

Монографијата со наслов „Економска импакт анализа на индустријата за основни метали во Република Македонија" од доц. д-р Дарко Лазаров и доц. д-р Митко Кочовски претставува еден обид за квантификација на важноста и улогата на индустријата за основни метали во Република Македонија на научно базиран методолошки пристап (инпут - аутпут модел). Пристапот е современ и научно фундиран со значителна апликативна димензија, што му дава посебна тежина на истражувањето и валидност на добиените резултати. Врз база на добиените резултати, авторите даваат еден сет на мерки и предлог-индустриски политики кои се во насока на подобрување на претходно адресираните проблеми со кои се соочува оваа индустрија во изминатиот период.

Ваквиот тип на истражување нуди можност да се квантифицира влијанието и значењето на еден сектор или индустрија во рамките на националната економија. Таквото истражување и анализа базирана на научно фундирана методологија (инпут – аутпут модел) претставуваат квалитетна основа за генерирање на предлог-индустриски

политики, со оглед на проучените перформанси на индустријата и идентификуваните развојни можности. Дополнително, оваа монографија им дава можност на студентите да навлезат во проблематиката на индустриската економија и да се запознаат со економските перформанси на индустријата за основни метали во Република Македонија и нејзиното значење за националната економија.

Врз основа на гореискажаното, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Економски факултет во Штип да ја одобри за издавање монографијата со наслов **„Економска импакт анализа на индустријата за основни метали во Република Македонија"** од **доц. д-р Дарко Лазаров и доц. д-р Митко Кочовски**.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Круме Николоски, с.р.**
**Проф. д-р Свето Цветковски, с.р.**